| SPARKASSE BANK | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 23852/1-3 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 26.07.2016 |
| | | Стр. 1/3 |

# ОДЛУКА

**за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Врз основа на член 29 став 1 точка 12 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 26.07.2016 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. За член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, се именува:
   - Ханс Лудвиг Диксер
2. Кандидатот е член на Надзорниот одбор, како претставник на доминантниот акционер Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Грац.
3. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од став 1 на оваа Одлука е четири години.
4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на Банката.
5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка на РМ.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
Собрание на акционери
Претседавач
Олгица Спасевска

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон Одлуката за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Согласно Статутот и Законот за банките (Сл.Весник на РМ бр.67/2010) Надзорниот одбор е орган на управување на Банката. Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука која стапува на сила по добивање на согласност од Гувернерот на Народната банка.

Согласно Законот за банките, член на Надзорен одбор не може да биде лице вработено во Банката и нето должник на Банката. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор на Банката мора да бидат независни членови.

Согласно Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од 6 (шест) члена. Именувањето на член на Надзорниот одбор, од страна на Собранието на Банката се врши според Законот за трговските друштва, преку номинирање на кандидати. Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката, со доставување на писмен предлог за кандидатот за член на Надзорниот одбор.

Согласно член 344 став 4 од Законот за трговски друштва, податоците за кандидатот за член на Надзорниот одбор, треба да им биде достапен на акционерите најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието на Банката.

Кандидатот тековно ги извршува функциите член на Надзорниот одбор и член на Одборот за ревизија, со мандат од четири години, како претставник на доминантниот акционер Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Грац.

По добивањето на согласноста од Гувернерот за член на Надзорниот одбор, Диксер ќе продолжи да ја извршува и функцијата член на Одборот за ревизија, како претставник на доминантниот акционер.

Согласно Статутот на Банката за предложените кандидати за членови на Надзорниот одбор се гласа јавно, а одлуката се смета за донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од присутните – претставени акционери на седницата на Собранието на Банката.

| | | |
|---|---|---|
| SPARKASSE BANK | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 23852/1-4 |
| | | Датум: 26.07.2016 |
| | | Стр. 1/3 |

# О Д Л У К А

**За именување член на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

| SPARKASSE BANK | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 23852/1-4 |
|---|---|---|
| | | Датум: 26.07.2016 |
| | | Стр. 2/3 |

Врз основа на член 39 став 1 точка 12 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на седницата одржана на ден 26.07.2016 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за именување член на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. Со оваа Одлука за член на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, се именува:

   - Ханс Лудвиг Диксер

2. Мандатот на членот на Одборот за ревизија од став 1 на оваа Одлука е четири години.

3. На членовите на Одборот за ревизија им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на Банката.

4. Оваа Одлука ќе стапи на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Олгица Спасевска

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
## кон Одлуката за именување член на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

Согласно Законот за банките (Сл.Весник на РМ бр.67/2010) и Статутот на Банката, Одборот за ревизија е орган на управување на Банката. Именувањето и разрешувањето на членовите на Одборот за ревизија го врши Собранието на Банката.

Претставниците на доминантиот акционер кои се членови на Надзорниот одбор, по автоматизам се членови и на Одборот за ревизија. Останатите членови на Одборот за ревизија се независни членови кои се именуваат поединечно. Најмалку еден член на Одборот мора да биде овластен ревизор.

Согласно Статутот на Банката, Одборот за ревизија на Банката се состои од 6 члена. Именувањето на членовите на Одборот за ревизија, од страна на Собранието на Банката се врши според Законот за трговските друштва, преку номинирање на кандидати. Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката, со доставување на писмен предлог  најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието на Банката.

Претседателот на Одборот за ревизија, кој е одговорен за организација на работата на Одборот и заменик-претседателот се избираат од редот на членовите на Одборот за ревизија.

Согласно Статутот на Банката за предложените кандидати на Одборот за ревизија се гласа јавно, а одлуката за именување на членовите на Одборот за ревизија се смета за донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од присутните – претставени акционери на седницата на Собранието на Банката.

На членовите на Одборот за ревизија членството во одборот може да им престане и пред истекот на мандатот, по свое барање, по сила на закон и со отповикување од страна на Собранието. Ако Собранието донесе одлука за отповикување на сите членови на Одборот за ревизија односно на негов член, на истата седница избира нови членови на Одборот за ревизија односно нов член на местото на отповиканиот член.